РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 35 став 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), општина Гази Баба-Скопје, Градоначалникот на Општина Гази Баба, го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

Се известуваат граѓаните, правните лица од просторот опфатен со **Предлог Детален урбанистички план за градска четврт СИ 08 Блок 2, Општина Гази Баба – Скопје** , државната управа, научните и стручните организации, дека Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе Одлука за организирање на:

## ПОВТОРНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ПОВТОРНА ЈАВНА АНКЕТА

По **Предлог – Детален урбанистички план за градска четврт СИ 08 Блок 2, Општина Гази Баба – Скопје,** кој опфаќа простор од **24.02 ха,** со следните граници :

**Североисток:** собирна улица "Перо Наков"
**Југоисток:** сервисна улица "С5"
**Југозапад:** сервисна улица "С1"
**Северозапад:** сервисна улица "С3"

**Намена на земјиштето и градбите:**
А - Домување,
Б - Комерцијални и деловни намени,
В - Јавни институции
Г – Производство, дистрибуција и сервиси
Д - Зеленило и рекреација,
Е - Инфраструктура

**Предлог Детален урбанистички план за градска четврт СИ 08 Блок 2, Општина Гази Баба – Скопје,** ќе биде изложен во просториите на Урбаната заедница "Маџари 1", во рок од 15 работни дена и тоа почнувајќи од 05.12.2024 год. до 26.12.2024 год., секој работен ден од 8.00 часот до 16.00 часот.

Повторната **Јавна презентација на Предлог - Детален урбанистички план за градска четврт СИ 08 Блок 2, Општина Гази Баба – Скопје**, ќе се одржи на ден **12.12.2024** год (Четврток) со почеток во **12.00** часот во просториите на Општина Гази Баба, барака 8 (голема сала).

Анкетните листови за учество во повторната Јавна анкета ќе се наоѓаат во просториите на Урбаната заедница "Маџари 1".

Во определениот рок заинтересираните правни лица, физички лица, државната управа, научните и стручните организации можат да доставaт забелешки, предлози и мислења на Анкетните листови.

Бр. **28-3/4881/4**
од 26.11.2024 година
Скопје

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Бобан Стефковски**